Заради својот правилен став многу од нив паднале како жртва на врховизмот.

Како заклучок изведувам дека во крајот на XIX век македонскиот народ се подготвува организирано и преку вооружена борба се обидува да се ослободи од вековното турско ропство. Во редот на револуционерните сили се вклучуваат и социјалистите; иако малубројни тие имаат знатна улога во правилниот тек на националоослободителтната борба. Меѓутоа, и овој пат македонскиот народ не беше оставен непречено да се организира и извојува своја слобода, туку врховистите — како орудија на соседните буржоазии — ги впрегнаа сите свои сили да ги искористат стремежите на македонскиот народ за слобода за своја сметка.

Со ова ја завршувам методската единка, укажувајќи им дека врховистите — откако ќе го премавнат најголемиот македонски борец, Гоце Делчев — ќе успеат да дигнат предвремено востание во Македонија. За домашна работа им давам да прочитаат моменти за Гоце Делчев од наведената литература.

**К. Делиниколов**

## ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

**— Методска единица —**

Методска единица обработена со дијафилм во I клас на Економското училиште „Борис Кидрич“ во Скопје.

МЕТОДСКА ЕДИНИЦА: — Илинденското востание.

ВИД НА ЧАСОТ: комбиниран — изнесување на нов материјал и на соодветни места поврзување со претходните знаења на учениците.

НАСТАВНА МЕТОДА: комбинирана — усно изложување и водење разговор во евристичка форма врз база на демонстрираните слики од дијафилмот.

ОБРАЗОВНА И ВОСПИТНА ЦЕЛ НА ЧАСОТ: да се запознаат учениците со револуционерното минато од Илинденскиот период, со херојската борба на илинденските револуционери и да се издигне нивното патриотско чувство и чувството на саможртва за слобода, правда и рамноправност.

НАСТАВНИ СРЕДСТВА: дијапроектор за дневна светлина, дијафилм за соодветната методска единица и историска читанка.

Во нашето училиште за сега сè уште нема услови за отворање на кабинет по историја; затоа наставните средства што ми стојат на располагање сум принуден да ги носам во разните училници. Но училиштето има и такви наставни средства како епидијаскоп, филмска апаратура и дијапроектор за проекции во замрачена просторија од поголем формат, што не можат да се носат во секоја училница. Затоа кога треба нив да ги употребам, го користам кабинетот по предвојничка обука и техничката помош на колегата по предвојничка обука. А тоа не е секогаш можно, зашто кабинетот по предвојничка обука за време на наставата ретко кога е слободен. За сега наставата со

употреба на историски дијафилм ја изведувам со дијапроектор за дневна светлост, што е многу лесен и го носам со себе во секоја училница. За методските единици од националната историја на македонскиот народ имав можност да употребам и наставен филм и дијафилм. На пример, непосредно пред да преминам на методската единица Илинденското востание, претходниот час учениците го гледаа наставниот филм Илинден — 1903. Наредниот час го употребив дијафилмот на Илинденското востание и методската единица се одвиваше така како што подолу ќе ја опишам.

Веднаш треба да појаснам дека дијафилмот во наставата по историја се користи на разни начини, како на пример: прво се прикажува дијафилмот, а потоа наставникот води разговор со учениците, ги објаснува поважните моменти од лекцијата и на таблата го запишува планот на методската единица; или: прво наставникот ја раскажува методската единица и на таблата го запишува планот, а потоа го прикажува дијафилмот и води разговор со учениците; или: едновремено со прикажувањето на дијафилмот се изнесува методската единица во монолошка или дијалошка форма, без на крајот да се прави писмен план на лекцијата; или: дијафилм, еден или повеќе, се прикажува на часот за повторување на наставниот материјал; итн. На наставникот останува, а зависно од тоа каква наставна материја ќе обработува, да реши кој начин ќе го употреби.

Откако го наместив дијапроекторот (дијаскопот) за проекции на ѕидот од училницата и сѐ беше готово за почнување на наставниот час, со неколку прашања им го свртив вниманието на учениците на материјалот за создавањето и дејноста на ВМРО. Од учениците добив правилни одговори на моите прашања: кога и со каква цел се создадени ВМРО и Врховниот комитет, кои се централисти, а кои врховисти, нивните меѓусебни односи и каква била улогата на Гоце Делчев и Јане Сандански во револуционерното национално-ослободително движење во Македонија. Потоа на друго мое прашање учениците одговорија дека од 1901 година на чело на ВМРО застанува Иван Гарванов, човек со врховистичка идеологија, со чие одобрение врховистите од Бугарија почнале почесто да испраќаат свои вооружени чети во Македонија.

По овој краток разговор, на учениците им најавив дека овој час ќе се запознаеме со Илинденското востание и веднаш им го посочив на ѕидот насловот на дијафилмот. Потоа им ја покажав сликата бр. 1 од дијафилмот на која се гледа врховистичката чета на генерал Иван Цончев, водачот на Врховниот комитет и започнав да им раскажувам.

Врховистите, сакајќи да ги натераат големите европски сили да го решат македонското прашање во корист на Бугарија т.е. да ја принудат Турција да ја отстапи Македонија на Бугарија, го инсценирале така нареченото Горно-џумајско востание во месец октомври 1902 година. Но оваа провокација на врховистите, како и низа слични други, македонскиот народ скапо ја платил. Турската војска се нафрлила врз невините македонски селани, ги изгореле нивните куќи и многу луѓе биле убиени. Многу други селани, за да ги спасат своите голи

животи биле принудени да ги оставаат своите родни места и да пребегаат во соседна Бугарија.

Додека го давав последното објаснување, ја покажав и сл. бр. 2 на која се гледаат бегалци од Горно-џумајско.

Едновремено со репресалиите во Горно-џумајско, турската војска вршела и претреси по куќите и дуќаните низ цела Македонија со цел да најде скриено оружје или илегални борци. Тоа може да се види и од оваа слика. — (Ја покажувам сл. бр. 3). А исто така слични моменти видовте и во филмот „Илинден".

Терористичките акции на турската војска и џандармерија, како и изјавите на врховистите дека повторно ќе дигнат востание во Македонија, кај некои раководни луѓе на ВМРО посебно кај Иван Гарванов кој тогаш привремено стоел на чело на ВМРО, предизвикале мисли дека не треба повеќе да се чека, туку да го дигнат народот на востание. Со таква цел Иван Гарванов во месец јануари 1903 година во Солун свикал општ конгрес на ВМРО. (Ја покажувам сл. бр. 4, пристаништето на Солун). На овој конгрес не биле поканети највидните македонски револуционери како Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Јане Сандански и други бидејќи Иван Гарванов го знаел нивниот став. Тие во овие услови кога македонскиот народ сѐ уште не бил подготвен и кога меѓународната политичка ситуација не била поволна, немало да се согласат со предлогот да се дигне востание во Македонија во 1903 година. (Ја покажувам сл. бр. 5, на која се гледаат фотографиите на највидните македонски револуционери).

Во отсуство на највидните македонски револуционери, а по настојување на Иван Гарванов на конгресот било донесено решение за дигање востание. Востанието требало да биде четничко со оглед на недоволната подготвеност на македонскиот народ. Ова решение требало да се разгледа и на окружните конгреси.

Додека учениците ги гледаат фотографиите на Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Перо Тошев, Јане Сандански и Христо Чернопеев, јас продолжувам да им раскажувам.

Од сите македонски револуционери, Гоце Делчев бил најмногу револтиран од предвремено донесеното решение за востание. Тој во овој момент се наоѓал во Софија и таму формирал своја чета со која веднаш се вратил во Македонија со цел да работи за одлагање на решението за востание. Разговарал со повеќе војводи на чети на ВМРО и на секаде добивал одговор дека не се доволно подготвени. Потоа заминал за Солун каде разговарал и со Даме Груев, кој штотуку бил пуштен од затвор. Но Даме Груев веќе бил согласен за дигање востание. Гоце Делчев нерасположен го напуштил Солун. На пат за Серез во едно село со предавство бил откриен, заобиколен од турска војска и во нерамна борба загинал.

— Ја покажувам сл. бр. 6. — Смртта на Гоце Делчев и ги прашувам учениците: дали некој од вас знае во кое село загинал Гоце Делчев и кога? Повеќе раце се креваат. Посочувам еден ученик и тој ни дава точен одговор. — Гоце Делчев е убиен во село Баница, Серско, на 4 мај 1903 година.

Кога Гоце Делчев го напуштил Солун и по кратко време загинал во село Баница, Даме Груев заминал за село Смилево да одржи конгрес на битолскиот револуционерен округ. Во меѓувреме во Солун биле извршени атентати од една група македонски револуционери наречувани „гемиџии“ кои не работеле по директива на ВМРО.

— Уште не бев ги доискажал своите мисли, а учениците веќе се присетија за уметничкиот филм „Солунските атентатори“, а и за моменти од документарниот филм „Илинден 1903“. Потоа веќе не беа потребни моите објаснувања за овој настан, затоа само им ги прикажав сликите бр. 7, 8 и 9 на кои се гледа експлозијата на францускиот брод „Гвадалкивир“, урнатини од Отоманската банка и од железничката линија. Потоа им ја прикажав и сликата бр. 10 — судење на солунските атентатори.

Во врска со овој настан им поставив прашање на учениците: — Со каква цел биле извршени солунските атентати? Добив разни одговори, а јас ги оформив како стремеж на овие македонски револуционери да нанесат штета на европскиот капитал во Турција и да ги натераат големите сили да му помогнат на македонскиот народ да добие слобода. Потоа продолжив да раскажувам.

По солунските атентати турската власт го засилила теророт над македонскиот народ. Многу Македонци паднале во затвор меѓу кои и целиот Централен комитет на ВМРО на чело со Иван Гарванов. А со подготовките за востание почнале да раководат задграничните претставници на ВМРО во Софија.

— Како што ви спомнав, Даме Груев по разделбата со Гоце Делчев тргнал за с. Смилево, за да одржи конгрес на битолскиот револуционерен округ.

Ја прикажувам сл. бр. 11. — Општ изглед на селото Смилево и ги поканувам учениците да се присетат и за некои моменти од филмот „Илинден“.

На Смилевскиот конгрес, по настојување на Даме Груев било прифатено солунското решение за востание и било решено да се засилат подготовките и да се формира Востанички штаб од 3 члена на чело со Даме Груев, кој подоцна треба да го одреди денот на востанието.

— Ја покажувам сл. бр. 12. — Илинденски востанички штаб — Даме Груев, Анастас Лозанчев и Борис Сарафов.

Во врска со решението да се засилат подготовките за востание, се наоружувале нови борци, неискусните се вежбале во ракувањето со оружје, се формирале нови востанички чети, се собирало резервна храна и слично. Во подготовките како и во самите акции учествувале и жени.

— Како илустрација на горекажаното ги прикажав сликите бр. 13 — Даме Груев со група војводи, сл. 14 — раздавање оружје на востаници, сл. 15 — востаници на воени вежби во планините и сл. 16 — жени учесници во македонското ослободително движење.

Востаничкиот штаб по неколку советувања донесува решение за почнување на востанието.

— Ја покажувам сл. бр. 17 — востаничко знаме, и ги прашувам учениците на кој датум е дигнато Илинденското востание? Сите дигаат рака и без да чекаат да посочам еден да одговори, гласно изговараат: на 2 август — Илинден 1903 година. Потоа ги поканив да се присетат за моментите од филмот „Илинден“ каде истото тоа знаме се вееше над македонските села носено од востаничките чети. Им ја покажав и сл. 18 — Даме Груев како војвода во деновите на востанието и претседател на Илинденскиот востанички штаб.

Објавувањето на Илинденското востание станало на свечен начин — востаничките чети полагале заклетва пред својот војвода и свештеник и пред своето востаничко знаме, извикувале „Ура за автономна Македонија“ а во исто време црквените камбани свечено биеле, поканувајќи го целиот народ на востание. Еден таков момент се гледа и на оваа слика· (Ја покажувам сл. бр. 19 — војвода зборува пред својата чета, пред таа да влезе во борба).

Востаничкиот штаб едновремено со прогласувањето на Илинденското востание испратил и свои курири во оддалечените планински села за да му јават на народот дека востанието е започнато.

— Веднаш потоа на учениците им ја покажувам сл. бр. 20 на која се гледа востаник како го известува народот.

Насекаде во Битолскиот револуционерен округ, а неколку дена подоцна и во другите револуционерни окрузи на Македонија, Илинденското востание сé повеќе се разгорувало. Било замислено востанието да биде четничко, поради неподготвеноста на народот, а се претворило во масовна борба на поробениот народ. Вооружените востанички чети што ја претставувале воената сила на ВМРО со воодушевување влегувале во борба уверени дека дошол часот на слободата.

— Додека тоа го изнесувам, на учениците постепено им ги покажувам наредните слики и продолжувам да раскажувам.

На оваа слика ја гледате востаничката чета на струмичкиот војвода Христо Чернопеев (сл. бр. 21), на другата, востаничките чети на костурските војводи Пандо Клашев и Васил Чакаларов (сл. бр. 22), а на третата слика гледате и една коњичка чета (сл. бр. 23). Илинденските востаници храбро се бореле против десет пати понадмоќната турска војска. Во многу случаи востаничките чети од заседа вршеле напад на многубројниот непријател, што може да се види од оваа слика. (Ја покажувам сл. бр. 24). Многу поголема храброст востаниците покажувале во борбата гради во гради, кога со бајонети, со камења и со голи раце го сопирале напредувањето на озлобената турска војска. Погледајте ја оваа слика и тоа најдобро ќе ви каже за овие борби. (Им ја покажувам на учениците сл. бр. 25 каде се гледа еден момент од жестоката борба).

Уште во првите денови на востанието востаниците ги уништиле беговските кули што биле симболи на тиранија, турските анови, телефонските врски, мостовите и железничките линии. Еве на оваа слика се гледаат урнатините од железничката линија. (Ја покажувам сл. бр. 26). Исто така востаниците ослободиле многу села и неколку градови. Особено е значајно ослободувањето на градот Крушово. (Ја покажувам сл. бр. 27 — општ изглед на градот Крушово). Со ослободувањето на градот Крушово, раководело горско началство на чело со Никола Карев, кој по идеологоија бил социјалист. На оваа слика го гледате Крушовското горско началство (сл. бр· 28), а на другата . . .

Застанувам малку и ги прашувам учениците: знаете ли кој е овој револуционер облечен како војвода и во цивил?

Учениците веднаш го познаваат Никола Карев (сл. бр. 29).

Веднаш по ослободувањето на градот Крушово, по иницијатива на Никола Карев, била организирана нова востаничка републиканска народна власт. Во организираното градско собрание рамноправно биле

застапени трите народности во градот: Македонци, Власи и Албанци. Новата востаничка власт во историјата е позната како Крушовска република на чело со Никола Карев.

Новата републиканска власт веднаш презела мерки за одбранага на градот, за исхраната на народот, за згрижување на ранетите, за казнување на народните предавници и слично. Посебно внимание се посветило на вооружувањето на народот. За таа цел биле организирани работилници за лиење на куршуми и правење на топови од црешново дрво, бидејќи немало друг материјал ниту фабрика за оружје. Погледајте на оваа слика како изгледало Илинденското црешново топче (сл. бр. 30).

Во врска со мерките за одбраната на градот, по иницијатива на Никола Карев, бил издаден познатиот Крушовски манифест, со цел да се придобие сиромашното муслиманско население. Овој манифест е многу значаен по својата хумана и патриотска содржина затоа целиот ќе ви го прочитам.

— Во тоа време го гасам дијапроекторот и од историската читанка го читам Крушовскиот манифест. Сите ученици со големо внимание го следат моето читање. Потоа им го прочитав и одговорот на Манифестот од двајца напредни турски офицери кои ја поздравуваат борбата на македонските востаници и искажуваат уверување дека сите братски и посреќно ќе живеат по уништувањето на турскиот режим. По читањето на Крушовскиот манифест пак го запалив дијапроекторот и го продолжив своето раскажување.

Големите успеси што ги постигнале востаниците предизвикале јад кај турската власт, затоа на сите страни низ Македонија испраќале војска и потера по планините. На оваа слика гледате турска коњаница во потера за востаници (сл. бр. 31). Голема турска војска го заобиколила и градот Крушово и откако востаниците откажале да се предадат, почнала да го бомбардира. Горскиот началник Никола Карев, гледајќи ја опасната ситуација, им заповедува на востаниците да се повлечат од градот и во други краишта да ја продолжат борбата. По некои од војводите одбиле да се повлечат и во нерамната борба херојски загинале со своите чети, а Крушовската република по десет дена слободен живот била во крв задушена.

— Знаете ли некои од крушовските војводи кои загинале храбро бранејќи го градот?

— Скоро сите ученици дигаат рака.

— А кога веднаш по ова мое прашање им ја покажав сл. бр. 32, сите одговорија дека тоа е војводата Питу Голи, кој загинал на „Мечкин Камен".

По заземањето на градот, турската војска ги опљачкала куќите, а потоа ги запалила. Многу граѓани биле казнети. По стивнувањето на борбите во Крушовскиот крај, избеганите граѓани за време на борбите, веќе почнале да се враќаат по своите домови. Но што затекнувале? Погледајте ја оваа слика. (Ја покажувам сл. бр. 33 — граѓани од Крушово на урнатините од своите куќи). Таква и уште потрагична слика можело да се види насекаде низ Македонија. Илинденскиот востанички штаб на чело со Даме Груев за сето време на крвавите борби очекувал вооружена помош од Бугарија. Но Бугарија поради

усложените меѓународни односи не се решавала да се вмеша во востанието. Дознавајќи за тоа, а од друга страна гледајќи дека во другите револуционерни окрузи нема услови за масовна борба, Даме Груев наредил востанието да прекрати. Така по тримесечна херојска борба и ова дотогаш најмасовно вооружено востание на македонскиот народ завршило без успех. Илјади луѓе биле убиени, а стотици села и градови ограбени и разурнати. Многу луѓе биле затворени во злогласниге затвори во Солун, Битола и Скопје, каде повеќето од нив ги оставиле своите животи.

На оваа слика го гледате злогласниот затвор — тврдина Беаз-Куле во Солун (сл. бр. 34), во наредната — скопскиот затвор Куршумли-Хан (сл. бр. 35) и во третата— група затвореници гледаат преку решетките на битолскиот затвор (сл. бр. 37). Многу настрадани луѓе, за да го спасат својот живот, биле принудени да ги напуштат своите родни места и да емигрираат во соседните или подалечни земји. Еве еден таков момент на оваа слика. (Ја покажувам сл. бр. 36 на која се гледаат бегалци од Македонија по поразот на Илинденското востание.

На крајот методската единица ја завршувам со заклучокот:

Илинденското востание завршило со пораз, но без оглед на тоа има големо историско значење. Тоа е најмасовно дотогаш и организирано востание на македонскиот народ за национална и социјална слобода. Илинденското востание покажа пред светската јавност дека македонскиот народ не може повеќе да ја поднесува турската тиранска власт, а исто така покажа дека македонскиот народ е политички зрел и има способности сам да се управува во своја сопствена држава.

ДОМАШНА РАБОТА: По завршувањето на предавањето го згаснав дијапроекторот. Потоа им ја посочив на учениците страницата во учебникот каде се наоѓа оваа лекција, им ги потенцирав уште еднаш најглавните моменти од мојот план на методската единица и ги поканив како домашна работа добро да ја дообработат лекцијата.

ПРЕПОРАКА: Накрај им дадов препорака ако имаат можност да прочитаат некои од многуте книги за илинденскиот период и им посочив некои автори и наслови на книги.